Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing



# Нов закон за нега на стари лица заснован на права

Новиот Закон за нега на стари лица ќе ги стави правата на старите лица на прво место. Тој вклучува Statement of Rights [Изјава за правата] на постарите луѓе кои користат услуги на нега на стари лица. Овој информативен лист е резиме на тие права на едноставен јазик.

## За Изјавата за правата

Австралиската влада ги менува австралиските закони за нега на стари лица. *Aged Care Act 2024 [Закон за нега на стари лица 2024]* (новиот закон) содржи изјава за правата. Во неа се објаснува кои права имаат постарите луѓе кога користат услуги на нега на стари лица што ги финансира австралиската влада. Изјавата за правата ќе ја замени сегашната Charter of Aged Care Rights [Повелба за правата во негата на стари лица] на 1-ви ноември 2025 година.

Целиот текст на Изјавата за правата од новиот закон е на крајот од овој информативен лист.

## Што Изјавата за правата значи за вас

Изјавата за правата ќе помогне да се овозможи да сте во центарот на вашата нега на стари лица.

Таа ви дава право:

- да донесувате сопствени одлуки за вашиот живот
- вашите одлуки да бидат не само прифатени, туку и почитувани
- да добивате информации и поддршка што ќе ви помогнат да донесувате одлуки
- да ги искажувате вашите желби, потреби и приоритети
- да се чувствувате безбедни и почитувани
- вашата култура и идентитет да бидат почитувани
- да останете поврзани со вашата заедница.

## Самостојност, избор и контрола

Имате право да донесувате сопствени одлуки и да имате контрола:

- кои финансирани услуги на нега на стари лица користите
- како ги користите финансираните услуги на нега на стари лица и кој ги дава
- на вашите пари и личен имот.

Имате право да добивате помош да ги донесувате овие одлуки, ако ви е потребна.

Исто така имате право да одберете како живеете, дури и ако постои некој личен ризик. На пример, избор на вашиот социјален живот и блиски врски.

## Праведен пристап

Имате право на праведна и точна процена за да дознаете кои финансирани услуги на нега на стари лица ви се потребни.

Оваа процена треба да се направи на начин што вам ви одговара. Таа треба да ги почитува:

- вашата култура и потекло
- вашето лично искуство и секоја траума
- когнитивни состојби, како на пример деменција.

Исто така, имате право да добивате вид на нега која ви е потребна, кога ви е потребна. Тоа ги вклучува палијативната нега и негата на крајот од животот.

## Безбедност и квалитет

Имате право на безбедни, квалитетни и праведни услуги на финансирана нега на стари лица кои ве третираат со достоинство и почит.

Ова го вклучува правото на користење на финансирани услуги на нега на стари лица кои:

- го ценат и поддржуваат вашиот идентитет, култура и потекло
- го почитуваат вашето искуство, вклучувајќи било која траума
- се достапни и ги задоволуваат вашите потреби
- не ве изложуваат на насилство, малтретирање и запоставување.

Имате право да добивате финансирани услуги на нега на стари лица од:

- работници со соодветна обука, способности и искуство
- даватели кои ги исполнуваат сите услови според законите за нега на стари лица.

Ако не се чувствувате безбедни додека добивате нега, може да добиете бесплатна поддршка од правници, социјални работници и други специјалисти. Посетете ја веб-страницата на Attorney-General [Јавниот правобранител] за повеќе информации за заштитата од малтретирање на постари лица.

## Почитување на вашата приватност и информации

Вашиот давател на услуги мора:

- да ја почитува вашата лична приватност

- да ги заштити вашите лични информации, како што се информациите за вашето здравје и финансии
- да ви дозволи да одбирате кога вашите лични информации може да бидат дадени на некој друг, како што е застапник или правник.

Имате право да добиете записи и информации за вашите права и финансираните услуги на нега на стари лица што ги користите. Тоа ја вклучува нивната цена.

## Комуникација што ги задоволува вашите потреби

Имате право:

- да добивате информации на начин што го разбирате
- да давате повратни информации.

Имате право да комуницирате на јазик или начин што го претпочитате. Тоа вклучува користење на преведувачи или помагала за комуницирање, ако ви требаат.

Исто така имате право да се сретнете со вашиот давател на услуги и со вашите помагачи на начин кој ви одговара. Тоа може да значи состанок во време од денот што најмногу ви одговара.

## Поддршка да покренете прашања брзо и праведно

Кога има проблеми со вашите финансирани услуги на нега на стари лица, имате право:

- да добиете поддршка од вашиот давател на услуги
- да се жалите без страв или без да бидете казнети
- да добиете брз и праведен одговор на вашите жалби.

## Поддршка и врска со луѓето и заедницата

Може да ви треба помош да ги разберете вашите права, да донесувате одлуки или да поднесете жалба. Имате право таа помош да ја добиете од независен застапник или од некој друг по ваш избор.

Имате право да комуницирате со вашиот застапник или со лице за поддршка во секое време кога сакате.

Давателите на услуги треба да ја почитуваат улогата на луѓето кои ви се важни. На пример, семејството, пријателите и негувателите.

Имате право да останете во врска со:

- луѓето кои ви се важни
- вашата заедница, вклучувајќи учество во забавни и културни активности
- вашите домашни миленици.

Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес имаат право да останат во врска со нивната заедница, земја и роден остров.

## Како да обезбедите вашите права да бидат заштитени

Вашиот давател на услуги мора да ја разбере Изјавата за правата и да постапува според неа. Ако не го прави тоа, можете да поднесете жалба до Complaints Commissioner [Началник за жалби].

Жалба може да поднесете преку интернет, по телефон или со писмо. За повеќе информации посетете ја веб-страницата на Aged Care Quality and Safety Commission [Комисија за квалитет и безбедност на негата на стари лица].

Ако ви треба помош за да поднесете жалба или да најдете информации, јавете се на Older Persons Advocacy Network (OPAN) [Мрежата за застапување на  постари лица] на 1800 700 600.

OPAN има бесплатни, независни и доверливи застапници за да ви помогнат.

## Целиот текст на Изјавата за правата од новиот закон

Во продолжение е целиот текст на Изјавата за правата од членот 23 од новиот закон.

*Самостојност, автономија, овластување и слободен избор*

(1) Поединецот има право:
   (a) да избира и да донесува одлуки кои влијаат врз животот на поединецот, вклучувајќи поврзано со следните работи:
      (i) финансираните услуги на нега на стари лица кои што му се одобрени на поединецот да ги користи;
      (ii) како, кога и кој тие услуги ќе му ги дава на поединецот;
      (iii) финансиските работи и личниот имот на поединецот; и
   (b) да има поддршка (ако е потребно) да ги донесува тие одлуки и тие одлуки да бидат почитувани; и
   (c) да презема лични ризици, вклучувајќи го изборот во поглед на квалитет на животот, општественото учество и интимните и сексуални врски.

*Рамноправен пристап*

(2) Поединецот има право на рамноправен пристап на:
   (a) процена или преоцена на потребите на поединецот од финансирани услуги на нега на стари лица на начин што е:
      (i) безбеден во поглед на културата, соодветен во поглед на културата, свесен за трауми и со информации за лекување; и
      (ii) достапен и соодветен за поединци со деменција или друга когнитивна попреченост; и
   (b) палијативна нега и нега за крај на животот кога е потребна.

*Квалитетни и безбедни финансирани услуги на нега на стари лица*

(3) Поединецот има право:
   (a) односот кон него/неа да биде достоинствен и со почит; и
   (b) на третман кој е безбеден, праведен, рамноправен и без дискриминација; -и
   (c) идентитетот, културата, духовноста и различноста на поединецот да бидат ценети и поткрепени; и
   (d) финансираните услуги на нега на стари лица да бидат дадени на поединецот:

(i) на начин што е безбеден во поглед на културата, соодветен во поглед на културата, свесен за трауми и со информации за лекување; и

(ii) на достапен начин; и

(iii) од работници за нега на стари лица во регистрирани даватели на услуги, кои имаат соодветни квалификации, способности и искуство.

(4) Поединецот има право:

(a) да не биде изложен на било какви ви облици на насилство, понижувачко или нехумано однесување, експлоатација, запоставување, присила, малтретирање или сексуално недолично однесување; и

(b) на квалитетни и безбедни финансирани услуги на нега на стари лица дадени доследно според условите што овој закон им ги наложува на регистрираните даватели.

Забелешка: Поглавјето 1 од Делот 4 на Повелбата 3 се однесува на условите за регистрираните даватели на услуги, вклучително условите во врска со употребата на ограничувачки постапки и справување со инциденти.

*Почитување на приватност и информации*

(5) Поединецот има право:

(a) на почитување на личната приватност; и

(b) заштита на личните информации.

(6) Поединецот има право да бара, и да му бидат дадени, записи и информации за правата на поединецот според овој член на законот и за финансираните услуги на нега на стари лица што поединецот ги добива, вклучително цените на тие услуги.

*Комуникација со лицето во центарот на вниманието и способност да се покренат прашања без страв од одмазда*

(7) Поединецот има право:

(a) да биде информиран за финансираните услуги на нега на стари лица што поединецот ги добива, на начин што поединецот го разбира, и

(b) да изразува мислења за финансираните услуги на нега на стари лица што поединецот ги добива, и да биде слушнат/слушната.

(8) Поединецот има право да комуницира на претпочитаниот јазик на поединецот или начин на комуницирање, со користење на преведувачи и средства за комуницирање, ако е потребно.

(9) Поединецот има право:

(a) на отворена комуникација и поддршка од регистрирани даватели кога ќе се појават прашања при давањето на финансирани услуги на нега на стари лица; и

(b) да поднесува жалби за давањето на финансирани услуги на нега на стари лица на поединецот, користејќи достапен механизам, без страв од одмазда; и

(c) жалбите на поединецот да се разгледаат праведно и брзо.

*Претставници, значајни лица и социјални врски*

(10) Поединецот има право на поддршка од претставник или од друго лице по избор на поединецот, вклучително кога ги користи или бара да ги разбере правата на поединецот во овој член, изразувајќи ги своите мислења, донесувајќи одлуки што

влијаат врз животот на поединецот и да поднесува жалби или да дава повратни информации.

(11) Поединецот има право улогата на лицата кои се значајни за поединецот, вклучително негувателите, посетителите и доброволците, да биде призната и почитувана.

(12) Поединецот има право на можности и помош да остане во врска (ако поединецот така избере) со:

(a) значајни лица во животот на поединецот и со домашни миленици, вклучувајќи безбедни посети од членови на семејството, пријатели, доброволци или други посетители каде што поединецот живее и посети на членови на семејството или пријатели; и

(b) заедницата на поединецот, вклучувајќи учество во јавниот живот и во забавни, културни, верски активности или активности за начин на живот; и

(c) ако поединецот е Абориџин или Островјанин од Теснецот Торес, со нивната заедница, земја и роден остров.

(13) Поединецот има право на пристап до лице одредено од поединецот или до лице одредено од соодветна служба, во кое било време по избор на поединецот.